# КОРИСТЕЊЕ НА ИГРИ ЗА УЧЕЊЕ ЗА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ И СПРАВУВАЊЕ СО ДЕЗИНФОРМАЦИИ

ИЗРАБОТИЛЕ:

ТАМАРА ТАШКОВСКА; МАРКО ПЕЈОВ И АНДРЕЈ МИЛОШЕВСКИ 9БОДД.

- Интернет е мрежа низ која се пренесуваат различни информации и услуги по електронски пат.
- Начинот на кој размислуваме, водиме бизнис, комуницираме и се забавуваме е променет благодарение на интернетот.



- Според истражувањето на Здружението за софтвер и забава, 80% од семејствата имаат барем едно дете кое користи интернет. Додека интернетот може да обезбеди квалитетна социјална интеракција, има и помрачна страна. Од сајбер малтретирање до онлајн предатори и скриени трошоци, постојат многу грижи кога станува збор за користење на интернет, особено за децата.



- Кога и да сме онлајн – кога купуваме, кога зборуваме со нашите пријатели, или правиме било што друго, се изложуваме на ризик од сајбер-криминал. Компјутерските вируси може да ги оштетат нашите фајлови, хакерите можат да ги украдат нашите податоци, а пак криминалците можат да не излажат со цел да добијат наши лични или пак чувствителни информации. Но, за среќа, постојат едноставни чекори преку кои што можеме да ги заштитиме нашите „дигитални животи“.








- Еден лесен, но многу интересен и поучен начин на заштита на интернет е преку игри кои нѐ учат за сајбер безбедност.
- Една од нив е и **cybersecurity lab** - игра преку која ја браните вашата компанија којашто е цел на сајбер напади кои стануваат се покомпликувани и пософистицирани. Наменета е за ученици.






- Во играта **Cybersecurity Lab** играчите може да научат токму како да ја зачувaат безбедноста на нивните „дигитални животи“ и да ги разбираат сајбер заканите но и начините на одбрана од нив. Играчите напредуваат во насока на постигнување на оваа цел преку користење на компјутерско програмирање, логичко размислување, критичко размислување, добиваат сознанија за тоа како да ги детектираат слабите точки на системите кои ги користат и како да решаваат различни проблеми. Ова се знаења кои им се потребни и на вистинските професионалци од областа на сајбер безбедност. Но, овие цели во играта играчите може да ги постигнат пез предзнаења за програмирање и за сајбер безбедност.

- По повод одбележувањето на месецот за безбедност на Интернет, во 2017, Google објави онлајн игра со цел да ги научи децата како да се заштитат на интернет.



- Станува збор за игра со наслов **Interland**, која е полна со авантури што го прави учењето за дигиталната безбедност интерактивно и забавно. Овде, децата ќе им помогнат на своите пријатели -**Интернаути** да се справат со лошото однесување на хакерите, насилниците и измамниците со практикување на вештините што им се потребни за да бидат добри граѓани на интернет. Во играта, играчите истражуваат четири пловечки острови: **KindKingdom, RealityRiver, MindfulMountain и TowerofTreasure**. Секој остров има различна мини игра со различна поучна лекција.




- **Network Collapse** – игра преку која може да се научи како информациите се пренесуваат преку интернет. Играчот е во улога на едноставен рутер. На ваков начин се стекнува искуство за реалните закани за сајбер безбедноста, како што се вируси и DOS напади.




- Еден од најголемите предизвици за сајбербезбедноста е недостатокот на знаење кај корисниците на интернет. Играта **Network Collapse** е наменета за ученици и пред се го унапредува општото знаење за информациската инфраструктура, но во исто време преку неа може да се стекнат знаења за потенцијалните закани но и таканаречените „најдобри практики“ за сајбер одбрана.

- Како што спомнавме, на интернетот, исто како и во вистинскиот живот, има голем број насилства и малтретирања. Денот на розевата маичка (**Pink Shirt Day**) има цел да ја подигне свеста кај учениците за спротивставување на секаков вид насилство и спречување на насилството меѓу врсниците. Одбележувањетона овој ден започнува во 2007 година, кога Дејвид Шепард и Тревис Прајс биле сведоци на насилство врз едно момче од нивното училиште, само заради розевата блуза која ја носело. Двајцата организирале утредента сите ученици да носат розево, купиле 50 розеви маички и ги делеле во училишниот хол. Нивниот потег испишал историја, а масовноста за поддршка против насилството се зголемува секоја година. Овој значаен ден се одбележува во последната среда од февруари.






# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО! ИМАЈТЕ УБАВ ДЕН!